# Политика за спречување на корупцијата кај јавните претпријатија

Јавните претпријатија не се имуни на притисок за корупција. Затоа, политиката за спречување на корупција треба да биде обврска на претпријатијата и да преставува основа за градење еден сеопфатен систем за спречување на корупцијата. Сепак повеќето јавни претпријатија не се информирани и не ја препознаваат вредноста и потребите од воспоставување политика за спречување корупција.

Истражувањето кое што го спроведе Институт за демократија „Социетас Цивлис“ покажува дека само една петтина од претпријатијата имаат воспоставено политика за спречување на корупција. Овој број пораснал во споредба со 2019 година кога само 7,7% од претпријатијата одговориле дека имаат воспоставено вакви механизми.




Дополнителен проблем е тоа што вработените во јавните претпријатија дури и да забележат корупција на работното место, не можат да ја пријават. Осум од 49 претпријатија имаат овластено лице за пријавување на корупција, а само кај две претпријатија овие лица работат во изолирана канцеларија од другите вработени.

Затоа, важно е вработените да имаат каде и кому да пријават корупција и тоа да го направат тајно, безбедно и навремено.

Според анализата, ова се случува поради неинформираност и поради непрепознавањето на ползата од воведувањето на системот за спречувањето на корупцијата. Добро разработен систем значи превенција од појавување на корупцијата, обесхрабрување на нејзиното ширење и заштита на лицата кои ќе ја пријават.

Проектот „Кон добро управување во државните претпријатија и независните тела“ е насочен кон унапредување на управувачката култура кај јавните претпријатија и независните тела.

Проектот е финансиран од страна на UK aid од Владата на Обединетото Кралство. Наведените мислења не значи дека ги одразуваат официјалните ставови и политики на Британската Влада.

British Embassy Skopje

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

UKaid from the British people